# Правилна нега пред пресушување



Пишува: дипл. земјод. инж. Слободан Серафимовски

Кога кравата е пресушена го одмора вимето, а воедно го обновува и подготвува за следната лактација по отелувањето.

**Зошто се одмора вимето?**

Во време на лактација, вимето е многу оптоварено. За една крава да даде 20 литри млеко мора низ вимето дневно да се „преработи" 7.000-8.000 литри крв. Затоа, неодморено (уморно) виме или виме кое го молземе до крај во наредните лактации ќе ни даде и до 30% помалку млеко.

Пример: Одбираме една крава од нашата фарма која дава просечно 15 литри млеко на ден. Ако е сè нормално, кравата треба да се засуши на приближно осум литри млеко и 60 дена пред очекуваното отелување. Но, ако ја молземе до 20 дена пред отелувањето и ја храниме како другите крави, правиме голема грешка и во следната лактација производството на млеко може да се намали и до 1.200 литри. Тоа значи наместо 4.500 литри млеко од истата крава ќе добиеме 3.300 литри млеко. Ако цената на еден литар млеко е 18 денари, би дошло 21.600 денари помалку, но ако на тоа се додадат околу 2.400 денари субвенции, ќе имаме вкупна загуба од 24.000 денари годишно.

**Правила кон кои треба да се придржуваме:**

Пред пресушувањето треба да се знае:

1. Да се грижиме за правилната кондиција на кравата;
2. Редовно да се водат податоци за припустот;
3. Да се пресуши на 60 дена пред телење;
4. Пресушените крави задолжително да се одвојат од другите крави во шталата;
5. Пресушувањето да трае што пократко;
6. Добро е превентивно да се користат антибиотици при пресушувањето (во моментот на пресушување да се даде антибиотик, а потоа да не се молзе кравата);
   Од моментот на пресушување до 14. ден пред отелување не треба да се дава квалитетна храна.
7. Кравата треба да се храни како да дава 4-6 литри млеко на ден;
8. Да се намали количеството на сочни крмива (силажа, сенажа) на околу 12-17 kg на ден. Ако кравите се на паша, пресушените крави може да се одвојат на пасиште со послаб квалитет;
9. Да се намали количеството на концентрирани крмива (смески) до максимум 1 kg на ден. Доколку имате квалитетна силажа и сенажа, не е потребно да се дава смеска од концентрат во храната, а доколку силажата и сенажата се со послаб квалитет, тогаш се додава препорачаното количество концентрат;
10. Да се дава сено со послаб квалитет, па дури и слама;
11. Да се додава минерално-витамински додаток за крави во пресушен период. Додатокот би требало да содржи помалку калциум, а повеќе магнезиум и фосфор; Од 14 дена пред отелување до отелување и околу отелувањето треба да се дава квалитетна храна.
12. Да се остане на истото количество квалитетни и сочни крмива (силажа и сенажа);
13. Да се зголеми количеството на квалитетен концентрат (смеска) од 2 до 3 kg на ден;







ради опасност од појава на млечна грозница која најчесто се јавува 12 часа пред отелувањето и 72 часа по отелувањето;

14. Квалитетно сено да се дава по желба по хранењето на кравите со основен оброк од паша, силажа или сенажа;
15. Две недели пред отелувањето добро е на кравата да и се даде доза од селен и коктел од витамини A, $D_3$ и E (со инјекција);
16. Еден до два дена пред отелувањето да се додаде минерално-витамински додаток (додаток за крави во производство на млеко). Се додава поголема доза на калциум (100-200 г/ден по крава), особено за постари и високопроизводни крави (3-4 лактации) поради опасност од појава на млечна грозница која најчесто се јавува 12 часа пред отелувањето и 72 часа по отелувањето;
17. Во овој период да се понуди на кравата оброк кој ќе биде основа за оброкот во периодот по телењето (ако е можно оброкот да биде смеска од силажа и сенажа);

По отелувањето

19. Кравата е способна и желна за јадење повторно по 6-8 часа по отелувањето;
20. Тоа е многу важен период во производниот циклус на млеко, кога кравата мора да се храни правилно и со квалитетна храна;
21. До 14 дена по отелувањето на кравата треба да и се дава оброк со ист состав каков што сме и давале и пред отелувањето.

    Квалитетот и количеството на оброкот за тоа време би требало да го задоволува просечното производство на млеко на таа крава;
22. Две недели по отелувањето треба да се зголемува количеството на оброк;
23. Триесеттиот ден по отелувањето кравата започнува да го зема целосниот оброк и тој треба да се дава најмалку уште четири месеци;

**Општо**

1. Да не се здебелува кравата во периодот на пресушеност (дебела крава не е мерка на успех, особено во производството на млеко).

Кај дебелите крави, познати и докажани се следните проблеми:
- тешки отелувања (замастување на породилните патишта),
- помало производство на млеко во првите месеци на лактација,
- намален апетит,
- намален имунитет (кетоза, синдром на дебели крави);

2. На кравите подобро е да им се зголеми оброкот во последната фаза на лактација отколку да се зголеми оброкот за време на периодот на пресушеност;
3. Да не се форсира кравата со максимален оброк веднаш по отелувањето (кравата не е во состојба да ја искористи хранливата вредност на целосниот оброк ниту има апетит да го изеде);
4. Нормално е по отелувањето кравата да изгуби одредена тежина – ослабувањето не е знак на болест.

ВАЖНО: СЕКОЈА ПРОМЕНА НА КОЛИЧЕСТВОТО И КВАЛИТЕТОТ НА ОБРОКОТ ДА СЕ ПРАВИ ПОСТЕПЕНО (минимално на седум дена)!


